


## СВЕТСКИ ДЕН НА БРАИЛ, ЛУИС БРАИЛ

Светскиот ден на Браил се празнува ширум светот секоја година на 4-ти јануари во сеќавање на денот на раѓање на Луис Браил.

Луис Браил бил роден во Франција. На три години случајно го изгубил видот. На петнаесет години развил сет од симболи и понатаму создал азбука, т.н. браилово писмо.

Светскиот ден на Браил се прославува секоја година со цел да оддадеме признание на неговиот труд. Неговиот едноставен, а сепак ефективен изум им овозможува на слепите лица да читаат и да пишуваат. Светскиот ден на Браил е релативно малку познат настан, меѓутоа за лицата кои работат за слепите, е ден со големо значење.

Светскиот ден на Браил се користи како можност различни организации и индивидуи филантропи во светот да им помогнат на слепите лица.

---

**Јануари 2018**